# Living the Lotus

10
2024
VOL. 229

## Buddhism in Everyday Life










## Members from the Taipei and Tainan Dharma Centers Join the Leaders Training Retreat in Taichung, Taiwan, from September 8 to 10, 2024






Living the Lotus
Vol. 229 (Октомври 2024)

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада,
Сугинами-Ку, Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: living.the.lotus.rk-international
@kosei-kai.or.jp
Сениор Едитор: Кеиицх Акагава
Едитор: Сачи Микава
Цопс Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното
Ришо Косеи Каи

Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот живот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.



# Култивирајте во вашиот ум, вратете се кон вашиот внатрешен буда

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи

## Продлабочување на свесноста за нашата буда природа

Шакјамуни рекол дека ако ние садиме семиња на верба во нашите умови и продолжиме да ги култивираме нив без прекин, ние 'ќе бидеме ослободени од секој вид на страдање.' Тие зборови одекнуваат со моќна порака, не само за тие кои биле присутни во времето на Шакјамуни, но исто за тие од нас кои живеат денеска. Затоа, ние треба со нетрпение да ги прифатиме тие прекрасни зборови и да се стремиме кон Буда Патот.

Како што јас напишав во изданието од прошлиот месец, сепак, би било наивно да се прашуваме дали 'обидувајќи се еднаш да го култивирате вашиот ум би ве ослободило од страдање.' Јас мислам дека како што ние ги повторуваме зборовите и делата кои се дел од бодисатва практикувањата кои го култивираат и омекнуваат тлото на нашите умови, во правецот на нашите секојдневни животи, ние го откриваме нашиот внатрешен буда – што е, откопување на нашата сопствена буда природа – што за возврат ќе нé води нас до живот со помалку страдања.

Во еден момент, вие можете да ја осознаете светоста на себеси и другите, поседувајќи ја истата природа како будата, само да се чувствувате обземени со сомнеж повторно во следниот. Или во други времиња вие можете да заборавите на таа реализација. Сепак, кога вие ќе видите некој во тешкотија и чувствувате сочувство за нив – што е, желбата да направите нешто да им помогните нив – ова ќе ве потсети дека вие самите сте буда природата, и вашата свесност ќе се продлабочи. Важно е да ги повторите таквите искуства.

Овој месец, ние ја обележуваме годишнината од влегувањето во Нирвана на Основачот Нивано. Тој нé подучувал нас, повторно и повторно, на важноста на секоја личност која ја осознава буда природата во себеси и другите. Лотос Сутрата, светата книга во која ние ја ставаме нашата верба, е речено дека е 'сутра која ја објаснува важноста на човечките битија кои ја осознаваат нивната буда природа.' Ако ние ги изнесеме и ставиме во дело 'богатствата на умот' – буда природата – како свесноста, искреноста и добрите намери кои ние сите ги поседуваме, ние секогаш ќе имаме весели умови и ќе живееме мирни животи.

## Умот на сочуство ја откопува нашата буда природа

Во тој случај, како вие можете да се вратите кон вашето оригинално сопство, кое е едно и истото како буда природата? Еден траг се наоѓа во зборовите на Основачот Нивано, кој знаеше да каже дека 'буда природата е умот на сочуство.' Како што јас спомнав претходно, секојпат кога ние го издигаме умот на сочуство и го ставаме тоа во пракса, ние ја откопуваме нашата буда природа. На пример, ако вие видите во пајакот - животно кое вие обично не го сакате – истата искра на живот која вие ја имате, и тоа ве стопира да го убиете, тогаш со вашиот ум на сочуство, вие ја имате почитувано буда природата на пајакот, и повеќе од тоа, пајакот ве причинил вас да ја откопате вашата сопствена буда природа и ве направил посвесни за неа.

Сепак, иако ние постепено ја продлабочуваме нашата свесност за буда природата, кога нештата не одат како што сакаме, ние завршуваме жалејќи се, станувајќи лути, или бивајќи подли кон другите. Во прилог на тоа, некои луѓе можат да се чувствуваат засрамени или измачени од јазот помеѓу нивното невнимателно сопство и нивното сопство кое е свесно за буда природата.

Кога тоа е кажано, нема потреба од само-неодобрувачки мисли, како што се 'за некој како мене, осознавањето на мојата буда природа е невозможно.' Дури и високо рангиран монах од минатото признал дека 'Моите големи разбудувања биле осумнаесет, и моите мали разбудувања се неизбројни'. Додека повторувачки искусувајќи разбудување и изведувајќи само-рефлексија, овој монах продолжил да го култивира неговиот ум со тоа што секогаш се трудел да живее како Будата. Ова сугерира дека самата свесност на чувство на понизност, станува отскочна даска за раст и само-подобрување. Понатаму, јас мислам дека најважно нешто е дека ние сме благодарни за благословите на тоа што ни е даден живот како човечки битија, кои се способни да разберат дека сите живи битија имаат буда природа, и ние сме секогаш нежни и обзирни.

(Од *Косеи*, Октомври 2024)



# Вовед кон Ришо Косеи-каи преку стрипови

## Годишни настани на Ришо Косеи-каи

### Првиот Дарма говор на Претседателот

Првиот Дарма Говор на Претседателот е годишен програм одржуван во Големата Света Сала на 7-ми Јануари секоја нова година. Во неговиот Дарма говор, Претседателот Нивано им ја објаснува на сите членови целта на активностите на организацијата преку годината и зборува за тоа што секој член треба да употполни базирано на Новогодишните ‘Насоки за практикување на Членовите со верба.’ Тој исто нé насочува нас за начинот на размислување кој секој член треба да го има во текот на годината.

Председателскиот Дарма говор се емитува национално во секој Дарма центар преку сателит.

На овој ден, членовите се собираат во Големата Света Сала, или нивните Дарма центри, обновувајќи ја нивната решеност за Новата Година.










**Дали знаевте?**

Во Јапонија, 7 Јануари се смета за последниот ден на традиционалниот Новогодишен фестивал, и затоа е речено дека луѓето се враќаат на нивните нормални животи од овој ден понатаму. На овој ден, вообичаено е да се јаде каша од ориз со седум-тревки, која содржи седум видови на тревки и пролетни зеленчуци, како Јапански магдонос и ‘овчарска чанта’, и да се моли да се водат здрави животи преку годината.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба.

# Годишна Среднозимска сутра рецитација







Двонеделниот период од 20-ти Јануари до 3-ти Февруари, кој завршува со *сетсубун*, денот пред почнувањето на пролет во стариот Јапански календар, традиционално се смета за најладното време на годината во Јапонија. За време на овој период, членовите се собираат во Големата Света Сала, или во нивните Дарма центри и ограноци низ земјата, и ја рецитираат Тројната Лотос Сутра. Во Големата Света Сала, праксата почнува во 6 насабајле секој ден и продолжува за петнаесет дена.

Многу е напорно да се стане рано и да се учествува во ова практикување, посебно за време на најладните денови во годината. Сепак, кога ние можеме да го надминеме ова, ние чувствуваме радост и чувство на исполнетост кое ни дава повеќе сила. Понатаму, ние се чувствуваме освежени преку срдечно рецитирање на сутрата.

### Дали знаевте?

Сетсубун буквално значи ‘сезонска поделба,’ однесувајќи се на денот само пред првиот ден на пролет, лето, есен, и зима во Јапонскиот традиционален календар. Сетсубун е сега типично прославуван на 3-ти Февруари, во пресрет на првиот ден на пролетта. На овој ден, луѓето во Јапонија традиционално ги отфрлаат злите духови преку расфрлување печена соја во и надвор од нивните домови, велејќи ‘Среќата внатре, ѓаволите надвор.’

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба.

# Нас ни е да ден поклонот на живот од Будата

## Живот во потрага по Патот

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



Преку Лотос Сутрата, ние сме подучени дека нас ни е даден поклонот на живот и дека сме одржувани од Будата.

Тие стихови од поглавје 3, ‘Парабола,’ исто ни кажуваат нас така: ‘Сега овој троен свет / Е целиот мој домен, / И живите битија во него / Сите се мои деца. / Но сега тој е исполнет / Со несреќа и тешкотија, / И само јас сум способен / Да ги спасам и заштитам нив.’

Будата вели за сите човечки битија дека тие ‘се сите мои деца.’ Импликација е дека нам ни е даден поклонот на животот и сме одржувани од Будата.

И следните стихови во поглавје 3 ни кажуваат нас дека иако постојат безбројни тешкотии во овој свет, Будата секогаш се грижи за нас: ‘Но сега тој е исполнет / Со несреќи и тешкотии, / И само јас сум способен / Да ги спасам и заштитам нив.’

Ние наоѓаме друг пример во поглавје 16, ‘Животниот век на Вечниот Татхагата,’ каде Будата ни кажува дека ‘Јас ја имав непрекинато изнесувано Дармата, / Подучувајќи и трансформирајќи безбројни милиони на битија, / И овозможувајќи им нив да влезат на Буда Патот.’

Ова значи дека стремежот на нашите умови да ‘влезат на Буда Патот’ е исто благодарение на Будините учења кои нé трансформираат, и дека секој е роден и живее за цел на влегување на Буда Патот.

И на крајот на ‘Животниот век на Вечниот Татхагата,’ се вели, ‘Јас секога ш мислам: / ‘Како јас можам да ги причинам живите битија да / Се качат на ненадминатиот Пат / И брзо да постигнат отелотворување како буди?’ Тука, Лотос Сутрата нé подучува нас дека Будата е постојано свесен за неговата желба да нé направи сите нас да станеме буди брзо.






# A Global Buddhist Movement




Information about local Dharma centers

facebook

X

Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот :
living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp